# TRANSPARENT




**ЛЕПИЛО НАМЕНЕТО ЗА НЕВИДЛИВО ЕЛАСТИЧНО ЛЕПЕЊЕ**

Професионално, супер-квалитетно, 100 % проѕирно еластично лепило, создадено врз основа на иновативната POWER-BOOST технологија, погодно за изработка на невидливи спoеви помеѓу различни материјали.

## СВОЈСТВА

- Проѕирно еластично лепило.
- За внатрешна и надворешна употреба.
- Одлична адхезија на: бетон, мермер, керамика, порцелан, стакло, PVC, полиестер, плута, алуминиум, лим, дрво... (не е погодно за PE, PP, PTFE).
- Добра екструдибилност дури и при ниски температури.
- Не се слева во вертикални спoеви.
- Одлични механички својства.
- Еколошки прифатливо; без растворувачи, изоцијанати и силикони.
- Хемиски неутрално лепило, не ја оштетува површината.
- Не предизвикува корозија.
- Без мирис.
- Може да се пребојува; не се препорачуваат премази на база на растворувачи.
- Без промена на волуменот за време на стврднувањето, без собирање.
- Отпорно на атмосферски влијанија, УВ зрачење и стареење.
- Хемиска отпорност:
  – добра: вода, алифатски растворувачи, минерални масла, масти, разредени неогрански киселини и бази;
  – слаба или без отпорност на: ароматски растворувачи, концентрирани киселини и хлорирани јаглеводороди.
- Боја: проѕирна.

## УПОТРЕБА

- Лепење и монтажа на различни материјали и изработка на невидливи спoеви.
- Еластично лепење на делови од конструкции изложени на вибрации.
- Невидливо лепење на стакло и други проѕирни и полупроѕирни материјали.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| **Свежо лепило** | | |
| Основа: | | хибриден SMP-полимер |
| Изглед: | | паста |
| Механизам на стврднување: | | со влажност од воздухот |
| Специфична густина: | | 1040 ± 10 kg/m$^3$ |
| Време на формирање кожа: | 23 °C / 50 % рел. влаж. | 3-10 мин. |
| Брзина на стврднување: | 23 °C / 50 % рел. влаж. | 2–3 mm/ден |
| Температура на нанесување: | | од +5 °C до +30 °C |
| **Стврднато лепило** | | |
| Тврдина Shore A: | ISO 868 | 35–40 |
| Губење на волумен: | ISO 10563 | < 1,0 % |
| Јачина на истегнување: | ISO 37 | 2,0–3,0 MPa |

| | | |
|---|---|---|
| Издолжување при кинење: | ISO 37 | 200–300 % |
| Отпорност на температура: | | од −40 °C до +90 °C |

**ПРИМЕНА**

- Нанесете го лепилото директно од кертриџот.
- Површините што се лепат мора да бидат цврсти, чисти, без маснотии и прашина.
- За подобрување на адхезијата на одредени површини, нанесете соодветен прајмер.

**Постапка за лепење:**

- Нанесете го лепилото по целата површина или на рабовите на површината што не се видливи или се покриени.
- Поставете го предметот што се лепи на саканото место најдоцна 10 минути по нанесувањето на лепилото.
- При лепење потешки предмети, користете дополнително механичко прицврстување сè додека лепилото не се стврдне (2–3 mm/ден при 23 °C и 50 % влажност).
- Оптоварување е можно по 48 часа.
- Нестрднатото лепило може да се исчисти со алкохол, а стврднатото лепило може да се отстрани само механички.

**ПАКУВАЊЕ**

- Кертриџ од 290 ml.

**СКЛАДИРАЊЕ**

- 15 месеци на суво и ладно место, на температура помеѓу 5 °C и 25 °C, во оригиналното, неотворено пакување.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДСТВОТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ЗА НЕГОВО БЕЗБЕДНО КОРИСТЕЊЕ, РАКУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ**

Дополнителни информации за безбедноста, упатствата за безбедно ракување и личната заштитна опрема, како и информации за отстранување се достапни во безбедносниот лист. Безбедносниот лист е достапен на барање. Можете исто така да побарате копија од вашиот TKK дистрибутер.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

Упатствата содржани во овој документ се засноваат на нашето истражување и искуство, меѓутоа, поради специфичните услови и методи на работа, препорачуваме да извршите прелиминарни тестови пред каква било примена на нашите производи.

TKK d.o.o.
Srpenica 1, 5224 Srpenica, Slovenia
+386 5 384 13 00, tkk.si